# Deloitte Central Europe – Изјава за заштита на податоците

*Субјекти на Deloitte Central Europe кои обезбедуваат услуги како контролори на податоци*

*Субјекти на Deloitte Central Europe кои обезбедуваат услуги како обработувачи на податоци*

Deloitte.

# Deloitte Central Europe – Изјава за заштита на податоци

*Информации за обработка на вашите лични податоци применливи за односите со нашите клиенти, добавувачи, изведувачи и подизведувачи*

Ажурирано на 31. Јануари 2025 година

**Дефиниции**

„Deloitte правно лице" се однесува на едно или повеќе субјекти од Deloitte Touche Tohmatsu Limited („DTTL"), неговата глобална мрежа од компании членки и нивните поврзани лица (заедно: „Deloitte организација"). DTTL (исто така под името: „Deloitte Global") и сите негови друштва членки и поврзани правни лица претставуваат посебни и самостојни правни ентитети, кои едни кон други не можат да бидат обврзани ниту одговорни во однос на трети лица. DTTL и секое DTTL друштво член и поврзан правен субјект е одговорно само за своите дела и пропусти, и не е одговорно за постапките на другите. DTTL не пружа услуги на клиенти. Повеќе информации на: www.deloitte.com/about „Deloitte Central Europe (Deloitte CE)" е регионална организација на субјекти кои делуваат под закрила на Deloitte Central Europe Holdings Limited, друштво членка на Deloitte Touche Tohmatsu Limited во Централна Европа. Услугите ги обезбедуваат зависните или поврзани друштва со Deloitte Central Europe Holdings Limited, кои се засебни и самостојни правни субјекти.

„Контролор" („ние", „нам" или „наш") означува контролор или контролор на податоци кој ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци (во согласност со дефиницијата од Законските прописи за заштита на податоците).

„Обработувач" означува обработувач на податоци или обработувач кој личните податоци ги обработува во име на контролорот (согласно дефиницијата од Законските прописи за заштита на податоците).

„Законски прописи за заштита на податоците" се однесува на следните прописи до степен и во периоди во кои се применливи: (а) националните закони со кои се применува Директивата на Европската Унија за заштита на податоците и електронските комуникации (2002/58/ЕС); (б) GDPR; и (в) сите останати и слични национални закони за заштита на личните податоци

„GDPR" ја означува Општата уредба за заштита на податоците (ЕУ) (2016/679).

„Лични податоци" се однесува на сите податоци за личноста (информации кои се однесуваат на физичко лице / предмет на обработка на податоци којшто е идентификуван или може да се идентификува) обработени во врска со обезбедувањето услуги или во рамките на услугите кои се обезбедуваат на наши клиенти или во врска со договорни односи со наши добавувачи, изведувачи или подизведувачи, или доколку е потребно за активности кои се дел од нашето стандардно работење.

„Обработка" се однесува на која било операција или збир на операции што се изведуваат врз личните податоци (било да е мануелно или автоматски) како што е: собирање, евидентирање, организирање, чување, употреба, откривање,

ограничување, бришење или уништување на податоци (во согласност со дефиницијата од Законските прописи за заштита на податоците).

„Корисник” се однесува на физичко или правно лице, орган на државната власт, агенција или некое друго тело на кое му се обелоденуваат личните податоци (во согласност со дефиниција во Законските прописи за заштита на податоците)

„Одлука за адекватност на ЕУ‟ се однесува на земји признати од Европската комисија кои имаат усвоено соодветно ниво на заштита на податоците споредливо со GDPR. Оваа одлука овозможува слободен проток на лични податоци од ЕУ во овие земји без да се бараат дополнителни заштитни мерки или мерки за заштита на податоците. Адекватноста на Обединетото Кралство е препознаена според GDPR и LED и САД преку комерцијалните организации кои учествуваат во Рамката за приватност на податоците ЕУ-САД.

**Резиме**
Ова Известување за заштита на личните податоци се однесува на обработката на вашите лични податоци („**податоци**”) од наша страна и во него се објаснува:

- кои ваши лични податоци ги обработуваме;
- зошто (за која цел) ги обработуваме вашите лични податоци (вклучувајќи ја и правната основа за обработка на податоците);
- како и на кои локации ги обработуваме вашите лични податоци (каде ги пренесуваме вашите лични податоци и со кого ги споделуваме вашите лични податоци);
- кои се вашите права.

Ова Известување за заштита на податоците важи од датумот наведен на почетокот на оваа страница. Имаме право повремено да го ажурираме или дополниме ова Известување за заштита на податоците, заради што ве упатуваме повремено да го прегледате истото.

**Кои лични податоци ги обработуваме**

Ги обработуваме личните податоци кои нѝ ги доставувате, кои ги добиваме од вашиот работодавец или договорен партнер, советник или трета страна, податоци кои вие јавно сте ги објавиле или кои се на друг начин веќе јавно достапни (пр. Онлајн медиуми).

Овие податоци може да опфаќаат:

- ваше име, презиме и пол;
- ваше занимање (работно место) и општи податоци за контакт (адреса на работа или домашна адреса, лична email адреса или адреса на електронска пошта и телефонски број на работа);
- историја и детали на вашите деловни контакти со компанијата Deloitte;
- број на вашата банкарска сметка (во случај нашиот клиент / изведувач / добавувач или подизведувач да е физичко лице);
- IP адреса;

- ваши лични податоци кои сте ги дале во врска со остварувањето на вашите права од ова Известување за заштита на податоците;

- слики од CCTV камери и други информации кои ги прибираме кога влегувате во нашите простории (специфични и прилагодени информации за таква обработка на личните податоци се достапни во соодветни простории на Deloitte CE, доколку е тоа применливо – сликите од CCTV камерите можат исто така да бидат обработени од страна на сопственикот на зградата или овластено трето лице).

За целите наведни во продолжение, не собираме ниту вршиме обработка на „чувствителни" лични податоци ниту на „посебна категорија на лични податоци" во согласност со дефинициите во Законските прописи за заштита на податоците. Дополнителните видови и категории на ваши лични податоци кои се обработуваат директно и за цели на обезбедување на нашите услуги се опишани во Известувањата за заштита на податоците **Deloitte CE субјекти кои обезбедуваат услуги како контролори на податоците** и **Deloitte CE субјекти кои обезбедуваат услуги како обработувачи на податоците**.

**Цели на обработка на вашите податоци („цели")**

- постапување во согласност со важечките законски, регулаторни или професионални барања (AML);

- одговор или барања и соопштувања од надлежни органи;

- општа администрација на договорите, финансиско сметководство(фактурирање) и статистика;

- интерна усогласеност со законските прописи и анализа на ризикот (вклучително и проверка или спречување на безбедносни инциденти);

- заштита на нашите права и легитимни интереси;

- општи односи со клиентите, добавувачите, изведувачите или подизведувачите (вклучително и повратни информации и жалби, како и проценка и развој на деловни прилики);

- користење на интерни или хостирани информатички системи (во „cloud"), услуги и апликации (за комуникација, размена на податоци и архивирање).

Напоменуваме дека ова Известување за заштита на податоците не содржи детални информации за обработка на личните податоци за цели на испраќање на директна пошта и регрутирање. Обработката на личните податоци за тие цели е опишана во посебни изјави за приватност прикажани пред собирањето на податоците во наменската апликација.Освен ситуации кога нашиот легитимен интерес може да се користи како правна основа за нашиот деловен развој и маркетинг активности (во границите и ограничувањата поставени со важечките закони и прописи), ние ги обработуваме вашите лични податоци за цели на испраќање на директна пошта и за маркетиншки цели сопретходно добиена ваша изречна согласност.

**Правна основа за обработка на вашите податоци:**
Вашите лични податоци ги обработуваме само тогаш кога обработката е неопходна заради:

- администрација на договорите склучени лично со вас или доколку преземаме чекори да склучиме договор со вас;

- почитување на законската обврска на која подлежиме;

- за цели на наш легитимен интерес кој може да опфаќа:
    - потпишување или извршување на договор со наши добавувачи, изведувачи или подизведувачи,
    - заштита на нашите деловни интереси (вклучувајќи и извршувања на проценка на ризикот и квалитетот),
    - уверување дека исправно се постапува со поплаките и барањата кои ни се доставени.

**Задржување на вашите лични податоци**
Вашите лични податоци ги чуваме во период од 10 години после извршените услуги на нашите клиенти или истекот на договорниот однос со нашите добавувачи, изведувачи или подизведувачи или како што е пропишано со важечките закони или релевантни прописи, или заради легитимни интереси на компанијата Deloitte.

**Контролор на лични податоци**
Во контекст на ова Известување за заштита на личните податоци, контролор на податоците е субјектот Deloitte CE кој е договорна страна во договорот со клиентот, добавувачот, изведувачот или подизведувачот.

**Споделување и пренос на вашите лични податоци**
Вашите лични податоци може да бидат обелоденети / пренесени и обработени од страна на следните корисници за горенаведените цели:

**Друштвата членки на групата Deloitte** се наведени тука. Доколку е тоа применливо, вашите лични податоци ќе бидат обработени само до оној степен до кој е тоа дозволено за горенаведените цели и во согласност со Законските прописи за заштита на податоците. Секој корисник ќе биде одговорен за обезбедување на соодветна заштита на вашите податоци, обезбедување на информации за обработка на вашите податоци и за добивање на дополнителни согласности доколку е тоа потребно. Во случај вашите податоци да се пренесуваат надвор од државните граници (вклучително и територијата вон Европската Унија), таквиот пренос ќе биде извршен само доколку се исполнети обврските во врска со таквото пренесување кои се дефинирани со Законските прописи за заштита на податоците.

**Обработувачи**
Наши одобрени даватели на административни и информатички услуги:

*AiP Safe s.r.o., Kořenského 1025/7, 150 00 Prague 5, Czech Republic*
*con4PAS, s.r.o., Novodvorská 1010/14, 142 01 Prague 4 – Lhotka, Czech Republic*
*Deloitte Advisory & Management Consulting Private Limited Company, Dózsa Gy út 84.C., 1068 Budapest, Hungary*
*Deloitte CE Business Service Sp. z o.o., Al. Jana Pawla II 22, 00-133 Warsaw, Poland*
*Deloitte Central Europe Service Centre s.r.o., Italská 2581/67, 120 00, Prague 2 - Vinohrady, Czech Republic*
*Deloitte CZ Services s.r.o., Italská 2581/67, 120 00, Prague 2 - Vinohrady Czech, Republic*
*Digital Resources a.s., Poděbradská 520/24, 190 00 Prague 9, Czech Republic*

*Uniwise s.r.o., Studentská 6202/17, 708 00 Ostrava-Poruba, Czech Republic*
*Wookie.apps s.r.o., Josefa Kočího 1556, 153 00 Radotín, Czech Republic*

Обработувачи на податоци кои не се базирани на ЕУ кои спаѓаат во Одлуката за адекватност на ЕУ

*Deloitte Global Services Limited, Hill House, 1 Little New Street, EC4A 3TR London, United Kingdom*
*Deloitte Touche Tohmatsu Services, Inc., 30 Rockefeller Plaza, New York, 10112 – 0015, USA*
*Microsoft Corporation, One Microsoft Way, Redmond, WA 98052, USA*

**Даватели на услуги вон ЕУ** (сите обработувачи на податоци вон ЕУ имаат склучено Стандардни договорни одредби одобрени од страна на ЕУ и на тој начин обезбедуваат соодветно ниво на заштита на Личните податоци во согласност со барањата на Законските прописи за заштита на податоците.

*Deloitte Support Services India Private Limited, RMZ Futura, Block B, 2nd Floor, Plot No. 14 & 15, Road No. 2, Hi-Tec City Layout, Madhapur, Hyderabad – 500 081, Telangana, India*

Нивните права на пристап се строго ограничени само на обезбедување на неопходна техничка, административна и *help desk* поддршка.

**Безбедност на обработката**
Ние и нашите обработувачи на податоците воспоставивме технолошки, физички, административни и процедурални мерки на безбедност во согласност со стандардите прифатени во индустриската гранка, за да ги заштитиме и обезбедиме доверливост, интегритет или достапност на сите обработени лични податоци; спречување на неовластена употреба на или неовластен пристап до личните податоци или спречување на повреда на личните податоци (безбедносен инцидент) во согласност со правилата на Deloitte CE и Законските прописи за заштита на податоците. Deloitte CE поседува ISO 27001 сертификат – широко признат глобален информационен стандард.

**Ваши права**
Вие имате право да:

- побарате пристап до вашите лични податоци (и побарате примерок на личните податоци кои ги обработуваме),

- побарате од нас да ги ажурираме и коригираме вашите лични податоци (право на исправка),

- побарате од нас да ги избришеме вашите лични податоци (кога е тоа возможно), или

- побарате ограничување на обработката на вашите податоци.

Имате право да поднесете приговор за обработката (во одредени случаи како што е наведено во GDPR), како и да остварите право на преносливост на податоците (да добиете примерок на личните податоци кои сте ни ги доставиле во структуриран, машински читлив формат и да побарате од нас таквите податоци да ги пренесеме на друг корисник на податоците).

Сите права наведени во овој документ можете да ги остварите со испраќање на е-пошта на адреса: **CEprivacy@deloittece.com** или известување во пишан формат на адреса: **Deloitte д.о.о. Скопје, Бул. Свети Климент Охридски 52/11, 1 000 Скопје, Северна Македонија.**

Горе наведените контакт податоци можете да ги користите и за сите прашања поврзани со обработката на вашите лични податоци, вклучително и безбедносните мерки за заштита при преносот на податоците вон регионот на ЕУ.

Исто така, имате право да поднесете жалба до локалното надзорно тело за заштита на податоците во земјата на вашето живеалиште доколку сметате дека со обработката на вашите лични податоци се постапува спротивно на GDPR.

Deloitte.

# Deloitte Central Europe – Изјава за приватност применлива за обезбедување на услуга од

*Deloitte Central Europe ентитети кои обезбедуваат услуги како контролори на податоци*

Се применува на следните услуги: **ревизија**, **даночно-советодавни услуги**, **консалтинг**.

**Кои лични податоци ги обработуваме**
Како контролор ги обработуваме личните податоци кои ни ги доставувате, вклучително и личните податоци на членовите на вашето семејство и штитеници, доколку е тоа потребно со оглед на природата на обезбедената услуга, или податоци кои ги добиваме од вашиот работодавец или договорен партнер, советник или трета страна, под услов тие податоци да се собрани на законит начин.

Во зависност од видот на услугата, овие лични податоци може да вклучуваат:

- ваше име, презиме и пол, датум на раѓање, податоци од лична карта или пасош, даночен број, број на социјално осигурување и број на национално осигурување,

- ваше занимање (работно место) и општи податоци за контакт (адреса на работа или домашна адреса, лична email адреса или адреса на електронска пошта на работа и телефонски број, потврди за образование),

- други податоци неопходни за обезбедување на одреден вид на услуги на вашиот изведувач или работодавец (брачна состојба, број на деца информации за членови на вашето семејство, нивните имиња, презимиња, датуми на раѓање, по потреба),

- финансиски податоци (вклучително и податоци за банкарски сметки, кредитна историја, приходи од вработување и лични приходи / добивки од вложувања),

- податоци кои се однесуваат на вашиот однос со нашите клиенти (купена стока или услуги).

**Цели на обработка на вашите податоци („цели”)**
Обезбедување на услуги вам лично или на наши клиенти (како ваш работодавец или договорен партнер) како што е договорено во соодветниот договор.

**Алатки за обработка**
За некои видови на услуги се користат посебни алатки за обработка на личните податоци.

**Правна основа за обработка на вашите податоци**

- извршување на договорот во кој вие сте договорна страна, или доколку не сте страна во договорот, тогаш

- наш легитимен интерес е да обезбедиме услуги врз основа на договорот на вашиот работодавец или договорен партнер, или

- постапување во согласност со законските обврски на кои Deloitte подлежи кога ви обезбедува услуги вам или на вашиот работодавец / договорен партнер (односно важечките закони (доколку постојат) со кои се уредуваат обезбедените услуги, јасно и недвосмислено се пропишува дека додека ја обезбедуваме

услугата, ќе ги обработуваме вашите лични податоци како контролор на личните податоци).

**Обезбедување и обработка на вашите лични податоци (вклучувајќи и користење на одреден алатки за обработка на податоците како што е погоре наведено) е неопходно за претходно наведените цели.**

**Задржување на вашите лични податоци**
Вашите лични податоци ги чуваме во период од 10 години по обезбедените услуги вам или на нашите клиенти или како што е пропишано со важечките закони или релевантни прописи, или заради легитимните интереси на компанијата Deloitte.

**Споделување и пренос на вашите лични податоци**
Вашите лични податоци може да бидат обелоденети / пренесени и обработени од страна на следните корисници за погоренаведените цели:

**Корисници**
Друштвата членки на групата Deloitte се наведени **тука**. Доколку е тоа применливо, вашите лични податоци ќе бидат обработени само до оној степен до кој е тоа дозволено за погоренаведените цели и во согласност со Законските прописи за заштита на податоците. Секој корисник ќе биде одговорен за обезбедување на соодветна заштита на вашите податоци, обезбедување на информации за обработка на вашите податоци и за добивање на дополнителни согласности доколку е тоа потребно. Во случај вашите податоци да се пренесуваат надвор од државните граници (вклучително и територијата вон Европската Унија), таквиот пренос ќе биде извршен само доколку се исполнети обврските во врска со таквото пренесување кои се дефинирани со Законските прописи за заштита на податоците.

**Обработувачи**
Наши подизведувачи (одобрени од страна на клиентот во договорот или на друг начин) и наши одобрени даватели на административни и информатички услуги се:

**Даватели на услуги во ЕУ**

*con4PAS, s.r.o., Novodvorská 1010/14, 142 01 Prague 4 – Lhotka, Czech Republic*
*Deloitte Advisory & Management Consulting Private Limited Company, Dózsa Gy út 84.C., 1068 Budapest, Hungary*
*Deloitte CE Business Service Sp. z o.o., Al. Jana Pawla II 22, 00-133 Warsaw, Poland*
*Deloitte Central Europe Service Centre s.r.o., Italská 2581/67, 120 00, Prague 2 - Vinohrady, Czech Republic*
*Deloitte CZ Services s.r.o., Italská 2581/67, 120 00, Prague 2 - Vinohrady Czech,*
*Digital Resources a.s., Poděbradská 520/24, 190 00 Prague 9, Czech Republic*
*Uniwise s.r.o., Studentská 6202/17, 708 00, Ostrava-Poruba, Czech Republic*

**Услуги на ревизија:** *Deloitte Group Support Centre BV,* приватно друштво со ограничена одговорност основано во Холандија на адреса *Gustav Mahlerlaan, 2970 Amsterdam, The Netherlands*

За да обезбедиме соодветна административна, техничка и оперативна поддршка, исто така, можеме да склучиме договор со локални даватели на услуги (во земјите во кои работиме) кои ќе ги обработат вашите лични податоци во својство на обработувач на личните податоци. Ваквите локални даватели на услуги се поверени партнери кои обезбедуваат главно услуги на локално архивирање, курирски услуги,

преведувачки услуги, информатичка поддршка или репрографски услуги. Секој таков локален давател на услуги склучува спогодба за обработка на податоците во согласност со барањата на Законските прописи за заштита на податоците, а пред започнување со обезбедување на услугите. Комплетен список на таквите локални обработувачи на лични податоци можете да добиете доколку ни упатите директно барање.

**Даватели на услуги вон ЕУ**
Бидејќи обработката на личните податоци може да опфати пренесување на личните податоци вон Европската Унија (ЕУ), сите субјекти наведени во продолжение имаат склучено Стандардни договорни одредби одобрени од страна на ЕУ со субјектот Deloitte кој обезбедува услуги во рамките на ангажманот со цел обезбедување на соодветно ниво на заштита на личните податоци во согласност со барањата на Законските прописи за заштита на податоците.

*Deloitte Support Services India Private Limited, RMZ Futura, Block B, 2nd Floor, Plot No. 14 & 15, Road No. 2, Hi-Tec City Layout, Madhapur, Hyderabad – 500 081, Telangana, India*

Нивните права на пристап се строго ограничени само на потребите за обезбедување на техничка, административна и help desk поддршка.**Алатки за обработка**
За некој вид на услуги може да биде побарано да пристапите на посветена алатка или апликација и да ги поставите вашите лични податоци. Информациите за обработка на лични податоци се прикажуваат директно во алатката пред да се соберат личните податоци.продолжение.

**Безбедност на обработката**
Deloitte и неговите обработувачи на податоци имаат воспоставено технолошки, физички, административни и процедурални мерки на безбедност во согласност со стандардите прифатени во индустриската гранка, за да се заштитат и да обезбедат доверливост, интегритет или достапност на сите обработени лични податоци; за спречување на неовластена употреба или неовластен пристап до личните податоци или спречување на повреда на личните податоци.

**Ваши права**
Погледнете **Deloitte Central Europe – Известување за заштита на податоците**.

# Deloitte Central Europe – Известување за заштита на податоци специфично за обезбедувањето на услуги

*Субјекти на Deloitte Central Europe кои обезбедуваат услуги како обработувачи на податоци*

Се однесува на услуги каде што Deloitte не делува како независен советник, туку како надворешен давател на услуги: **сметководствени услуги, услуги за имиграција, форензика, укажувачи, ИТ поддршка, SaaS, спречување на перење пари, проверки на KYC и други форми на позадински проверки извршени на во име и за сметка на клиентот** (списокот на услуги не е сеопфатен).

**Кои лични податоци ги обработуваме**
Како обработувач на податоци ги обработуваме личните податоци кои ни ги доставувате, вклучително и личните податоци за членовите на вашето семејство и штитеници, доколку е тоа потребно со оглед на природата на обезбедените услуги, или податоци кои ги добиваме од вашиот работодавец или договорен партнер, советник или трета страна, податоци кои вие јавно сте ги објавиле или кои се на друг начин веќе јавно достапни (пр. Онлајн медиуми).

Овие лични податоци може да вклучуваат:

- ваше име, презиме и пол, датум на раѓање, податоци од лична карта или пасош, даночен број, број на социјално осигурување и број на национално осигурување,
- ваше занимање (работно место) и општи податоци за контакт (адреса на работа или домашна адреса, лична email адреса или адреса на електронска пошта на работа и телефонски број, потврди за образование),
- други податоци неопходни за обезбедување на одреден вид на услуги на вашиот изведувач или работодавец (брачна состојба, број на деца информации за членови на вашето семејство, нивните имиња, презимиња, датуми на раѓање, по потреба),
- финансиски податоци (вклучително и податоци за банкарски сметки, кредитна историја, приходи од вработување и лични приходи / добивки од вложувања),
- податоци кои се однесуваат на вашиот однос со нашите клиенти (купена стока или услуги).

**Цели на обработка на вашите податоци**
Обезбедување на услуги вам лично или на наши клиенти (вашиот работодавец или договорен партнер) како што е договорено во соодветниот договор врз основа на упатството на контролорот (вие, вашиот работодавец или договорен партнер).

Обработката на вашите лични податоци се врши врз основа на упатствата на нашите клиенти – контролори на личните податоци кои се исто така одговорни за доставувањето на информации за обработката на вашите лични податоци вам, вклучително и информации за тоа како да ги остварите своите права – контактирајте го својот работодавец / договорен партнер директно да:

- побарате пристап до вашите лични податоци (и побарате примерок на личните податоци кои се обработуваат),
- побарате ажурирање и корекција на вашите лични податоци (право на корекција),
- побарате бришење на вашите лични податоци (кога е тоа возможно), или
- побарате ограничување на обработката.